**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2051 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 февруари 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (трговските радиодифузни друштва се обврзани дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 4 февруари 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуваше 4 часа 42 минути и 9 секунди програма изворно создадена на албански и на македонски јазик, што е **21.43%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 56 минути и 22 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:56:22), е 6 часа 34 минути и 55 секунди. Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час 52 минути и 46 секунди помалку изворно создадена програма.

Половина од законскиот минимум (06:34:55) е 3 часа 17 минути и 27 секунди изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 5 минути и 34 секунди изворно создадена програма, што во оваа ситуација е за 1 час 11 минути и 53 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2019 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, и половина од нејзе не ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***